РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 36-та седница одржана на 20.07.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

Пријавата со број 12-2989/1 од 20.11.2024 година, **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што од наводите не произлегува дека е загрозен јавниот интерес од страна на службени лица при вршење на јавните овластувања и службената должност, поради што Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Државната комисија од страна на познат подносител е доставена пријава во која се изнесени наводи за сомневање за сторени кривични дела од страна на лице ----------- ------------- и неговата фирма --------- ---- --------- во постапка за преземање на концесиски права и потпишан договор за концесија за експлоатација на вода за производство на истата како краен производ, при што била предизвикана штета на -- ---------- ---------- с.----------- ------------. Во пријавата се наведува дека е поднесена и до ОЈО за ГОКК, Министерството за внатрешни работи и Управата за финансиска полиција.

Државната комисија по разгледувањето на пријавата констатира дека истата не содржи факти ,докази или околности кои укажуваат на постоење на коруптивни дејствија, судир на интереси или други повреди од областа на спречувањето на корупцијата и судирот на интереси за кои Државната комисија би можела да

преземе дејствија во рамките на својата законска надлежност. Од пријавата не произлегува дека постои загрозување на јавниот интерес, ниту пак се наведуваат конкретни факти и околности од кои би произлегло дека со постапувањето на службени лица е предизвикана штета на државни средства или на друг начин е повреден јавниот интерес. Имајќи ја предвид содржината на пријавата, наводната штета е причинета на приватен правен субјект, односно трговско друштво и содружници на истото, а не на државни средства или јавен имот. Оттука, наводите во пријавата, не упатуваат на постоење на повреда на закон за која Државната комисија би имала основ и надлежност да постапува согласно Законот за спречување на корупција и судир на интереси. Дополнително, од податоците содржани во пријавата произлегува дека подносителот за истите или поврзани наводи веќе се обратил до други државни органи, надлежни за откривање и гонење на кривични дела.

Поради наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изработил: П.Б, советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на Одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на Сектор
Одобрил: С.С.М, член на ДКСК

*Доставено до:*
*-Подносителот на пријавата*